## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Деветнаесеттото продолжение на Четиринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 февруари година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,50 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да си ги заземат своите места.

Дами и господа пратеници,

Продолжуваме со работа по Четиринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Абдуладиi Вејсели, Блерим Бељети, Сафет Незири, Џевад Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураку, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвије Салију, Ајше Селмани, Тахир Хани, Илинка Митрева, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Никола Рилковски, Фијат Цаноски и Љубчо Георгиевски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата присуствуваат 63 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

**Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување, со Предлог на закон.**

Претресот по Предлогот за донесување на законот е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување.

Ве повикувам да гласаме.

Од 65 присутни пратеници во салата, за гласале 55 пратеници, воздржани нема, против 5.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 64 пратеници, за гласале 55, воздржан 1, против 2.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 1 став 1, за менување на член 2 со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Цветанка Иванова, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Јани Макрадули, Оливер Спасовски, Кире Гештаковски и Борис Кондарко поднесоа амандман на член 2 став 3, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Азис Положани поднесе амандман на член 2 став 6, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Роза Топузова Каревска, Андреј Жерновски и Слободан Најдовски поднесоа амандмани на член 2 став 3, алинеја 1 и на член 2 став 3, алинеја 2, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 3, поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Јани Макрадули, Оливер Спасовски, Кире Гештаковски и Борис Кондарко.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Владимир Лазаревиќ:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор пратеникот госпоѓа Цветанка Иванова. Повелете.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам господине претседателе.

Овој амандман го поднесовме заедно со колегите кои што ги наведовте и бараме од членот 2 ставот 3 зборовите: “странско физичко лице” да се бришат, затоа што сметаме дека за директор на Фондот на еден од фондовите, каде што навистина, се собираат многу пари, многу средства, кои што ги плаќаат корисниците на здравствени услуги, да може да биде именувано само домашно физичко лице.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам за поголема тишина во салата.

Продолжете ве молам.

**Цветанка Иванова:** Сметам дека навистина, не постојат уставни пречки и законски пречки странско физичко лица да заснова работен однос во Република Македонија, меѓутоа странско физичко лице да биде именувано на ваква моќна финансиска институција, односно установа, мислам дека не треба да дозволиме, затоа што во Република Македонија имаме доволно кадри кои што со успех можат да се справат со предизвиците кои што ги става пред нив, обврските кои што треба да ги обавува во Фондот и со отворањето на ваква можност може да ни се случи во сите институции државата практично, или Владата да ни именува странски физички лица, што од своја страна претставува страшно

омаловажување на образовниот систем во Република Македонија на кадрите кои што ги продуцира нашиот образовен систем и на крајот на краиштата омаловажување на целата наша образована популација која што ги исполнува условите предвидени понатаму со алинеја 1, 2 и 3.

Од овие причини, бараме да дадат поддршка колегите на нашиот амандман.

Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има Кире Гештаковски. Повелете.

**Кире Гештаковски:** Ви благодарам господине претседателе.

Во интерес на поддршка на овој амандман, сакам да кажам само неколку работи.

Прво, дали се има предвид финансиското оптоварување на и така сиромашниот Фонд за здравствено осигурување. Секојдневно велиме дека Фондот за здравствено осигурување е пред колапс, дека има големи загуби, а сега дополнително тој се оптоварува. 14 месеци ВМРО-ДПМНЕ зборува и критикува потрошени ненаменски 10 илјади денари за некои поклони што претходниот министер ги купил за министерките во таа Влада. 12 месеци сите медиуми го третираат тој проблем. Сега, замислете се предлага склучување на менаџерски договори со двата директори на Фондот, кои сигурно ќе бидат десетина илјади евра месечно. Плус тоа, со новиот закон изменување на Законот за извршување на Буџетот, тој странски директор кога ќе го донесете, бидејќи е именувано лице ќе треба да му се обезбедува и неговиот имот во странство. Бидејќи не кажувате колку ќе чини тоа обезбедување на неговиот имот, јас мислам дека ќе чини многу.

Втора причина, зошто е предложен овој амандман, зошто сакам да ми одговорат претставниците на ВМРО-ДПМНЕ, се оди против вашиот слоган пред изборите: “Македонија има сила и Македонија може”. Каде се сега тие наши силни стручни, образовани на најпретстижните универзитети млади луѓе. Зошто сега наеднаш не важат тие силни дипломи од кои многумнина од нив имаат такви дипломи и по здравствен менаџер. Ако сакате да знаете која ќе биде пораката на тие млади луѓе дека не се смета повеќе на нив, дека прво треба да ги истераме од земјата надвор во странство па потоа, по 7-8 години да ги повикаме како странци тука да дојдат да раководат со Фондот за здравствено осигурување, или со другите институции, бидејќи такви странци носите и во Владата и во Кабинетот на премиерот и во Царина и во Јавното обвинителство и насекаде.

Не ми е јасно зошто 4 години роневте крокодилски солзи на секојдневните ваши прес конференции дека СДСМ е тој што ги брка младите луѓе надвор од државата. Која е сега пораката што му ја испраќате со овој потоег.

На крајот, мене совршено добро ми е јасно зошто се прави сето ова. Бидејќи се работи за Фонд кој годишен приход има од 250 милиони евра. Во моментот, бидејќи ЕСМ дистрибуција не е под државна капа, ова е најголемиот фонд што прибира годишно најголема сума на средства, 250 милиони евра минимум. Измислувате одличен начин да исперете дел од тие пари по законски пат и да ги вратите долговите што ги имате во последниве 17 години спрема вашите логисти и спрема вашите финансиери на вашата партија. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Збор има Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници,

Овој амандман го поднесовме со колегите пратеници навистина, поради принципиелниот став што го има СДСМ да градиме повеќе доверба према нашите кадри и како наше несогласување во однос на тоа дека во Република Македонија немаме луѓе кои што ќе можат да одговорат на обврските на Фондот. Навистина, мислам дека оваа Влада сака да направи хит со воведување на странски државјани за раководители во одредени институции, министерства итн. Мислам дека на овој начин не се прави никаква реформа, или се прават привидни реформи да се прикаже дека нешто се работи во оваа сфера, а всушност ништо не се менува.

Се прашувам, дали на ваков начин ќе ја градиме довербата кон нашата држава и на младите луѓе во Република Македонија, кои се школуваат овде, дури и во странство. Дали на ваков начин со воведување на можноста странски лица да раководат со институциите, пред се ова најкрупна институција во Република Македонија која што е од интерес и на државата и на граѓаните, ќе овозможи да се подобри нешто во овој сектор и да ја вратиме довербата на граѓаните во ваквите институции.

Мислам дека со една вакво решение кое што е предложено нема ништо друго да добиеме освен уште еден раководител, кои што веројатно, ќе треба да комуницира со граѓаните на Република Македонија, како што комуницира и министерот Ташковиќ. Токму од тој аспект мислам дека ќе ни треба да ангажираме повеќе наши луѓе, чесни, кои ќе можат да ја обработат работата дури и многу подобро, отколку да доведуваме странци со што ќе се изложување на дополнителни трошоци, веројатно за одржување имотите, на поголеми финансиски стредства итн, а ефектот ќе биде рамен на нула, или нема да имаме никакво подобрување во тој дел.

Заради тоа, мислам дека Парламентот треба да остане доследен токму заради овие заложби и принципи кои што ги искажав.

Ги повикувам пратениците од парламентарното мнозинство да го поддржат овој амандман, а со тоа да ја поддржат младата генерација во

Република Македонија истите стручни и компетентни кадри. На тој начин да покажеме дека довербата во нашите граѓани ја имаме, а со тоа ќе ја зајакнеме и довербата на институциите во Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Има збор господин Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Ќе го поддржам овој амандман заради тоа што основиниот критериум или основното прашање кое што ме наведува дека е исправен амандманот е следново: предлагачот на законот и оние кои што го поддржуваат законот кажуваат дека во изминатите 15 години постојано се правеле малверзации во финансиските средства во Фондот за здравство. Аналогно на тоа треба да се сноси одредена одговорност, пред се, и кривична одговорност.

Сега се поставува дилемата, ако поставиме странец за директор на Фондот за здравство, и ако тој странец направи малверзација, хипотетички зборуваме сега, со поголема сума или помала, како сакате кажете во Фондот за здравство, тогаш ќе бидеме сведоци на она што е актуелно во Република Македонија, во последниве година, две дена. Сите кои што во Република Македонија направиле финансиски малверзации веднаш се кријат зад двојното државјанство кое што го имаат и се повикуваат на државјанството кое што го имаат од другата земја. Дали е некој свесен дека можеме да дојдеме до таква ситуација, бидејќи парите се лепливи. Можеби за некој помала сума е примамлива, за некого поголема, но сепак секој си има своја цена. Дали предлагачот во овој случај размислува и за тоа дека доколку донесат странец за директор на Фондот за здравство, може да направи некоја малверзација тешка со милиони евра, бидејќи таму се вртат огромни финансиски средства, дека истиот тој потоа не може да биде повикан на одговорност во Република Македонија. Тој не е државјанин на Република Македонија. Јас хипотетички го поставувам ова прашање, но мислам дека треба добро да размисли предлагачот, или пак имаат друго решение, друго објаснување што во таков случај.

Од тие причини, сметам дека законските решенија во Република Македонија, кои се однесуваат во однос на прашањето за финансиските малверзации, не се докрај прецизирани и ќе им овозможат на таквите лица однапред да бидат амнестирани за било каков проблем, или за било каква малверзација во областа на финансиите во Фондот. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Има збор пратеникот Влатко Серафимов. Повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Мислам дека здравството во овој момент ни е на највисоки гранки. На највисоки гранки, убаво кажав, не ме поправајте, бидејќи се тече како што треба, дошло уште време само да избереме директор на Фондот за здравство, странец, и се ќе биде во најдобар ред. Пациентите воопшто не се прашуваат и не треба да се прашуваат дали им требаат лекови, или не им требаат лекови. На крајот на краиштата ќе направиме една природна селекција, кој ќе преживее ќе опстане во Република Македонија.

Овој амандман би го поддржал само од една единствена гледна точка. Домашно или странско физичко лице? До кога ние во Република Македонија, ќе увезуваме кадри. Од една страна ние ги извезуваме. Младите луѓе бараат перспектива надвор од Република Македонија, а од друга страна за експерти и за стручњаци увезуваме луѓе. Видовме дека во Македонија од инвестиции не знае што да им прави на парите. Ташковиќ и Самак нон стоп носат пари, инвестиции во Република Македонија.

На повидок е и информатичкото општество Иво Ивановски, нон стоп компјутери, децата имаат компјутери во секое училиште, компјутеризирано е и сега што ни фали, ни фали директор на МРТВ странец, и ни фали директор на Фондот за здравствено осигурување странец кој исто така ќе придонесе за развојот на Република Македонија.

Почитувани колеги пратеници сепак сметам дека овој амандман е поднесен се со цел да се даде шанса на нашите стручни лица кои се занимаваат со проблематиката во здравството. Меѓутоа со донесувањето на човек од надвор или за втор директор не мора да биде од надвор од државата. Дали здравството во Република Македонија ќе се подобри? Дали ова не е уште една игра на Владата, бидејќи овие денови видовме многу работи што ни се случуваат и како ние пратениците не знаеме на која седница доаѓаме и што треба да расправаме, па сега и овој амандман да ни помине туку така и на крај да кажеме дека сето ова ќе биде за доброто на Република Македонија.

Доброто на Република Македонија можеме да го изградиме ние самите и луѓе кои живеат и работат во Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Дали има за реплика? (Нема)

Има збор Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Би сакал и јас да се вклучам во расправата по овој амандман со кој се предлага прво две работи, да има уште еден директор во Фондот за здравство, покрај постојниот и можноста тие да бидат странци.

Ова се едни од чекорите кои Владата ги најавува како реформски и како чекори кои ќе придонесат до средување на состојбите во здравството и дека патот го гледаат во Фондот за здравство преку

именување на двајца директори, по можност единот да биде странец.

Јас би сакал да ја предупредам Владата дека здравствениот систем како и пензискиот и системот за социјална заштита се едни од системите преку кои треба да се глед, пред се, социјалната улога на државата, а во членот 1 од Уставот на Република Македонија јасно стои дека Република Македонија е суверена, самостојна, демократска и социјална држава и дека многу побитно при изведувањето на реформите во овие системи, посебно во здравствениот систем, е да се гледаат не само едкономските критериуми, туку да се имаат во предвид и социјалните импликации или последици од реформите кои Владата сака да ги преземе.

Од она што го ледаме во јавност може да се заклучи дека реформата односно концептот што го предлага Владата во делот на здравството како реформа до сега продуцира само проблеми, незадоволство и создава дополнителни обврски за оние кои треба да ги користат услугите на здравството, а тоа се граѓаните.

Значи, почнувајќи од примарната, секундарната и терцијалната здравствена заштита сега има реакции дека оваа реформа не носи никакви резултати, туку напротив оди на штета на граѓаните, на пациентите и во краен случај имаме реакции од лекарите дека се намалуваат нивните можности да се реализираат пред се како специјалисти стручњаци, а исто така финансиски им се намалуваат средствата наместо да се создаваат предуслови со реформите истите и да се зголемуваат во делот на платите, а и граѓаните да добиваат поквалитетна услуга.

Затоа сметам дека предлогот на Владата вака парциален како што е предложен да има двајца директори од кои едниот да биде странец нема да придонесе ништо подобро во здравството, туку напротив ќе бидеме сведоци по извесно време дека состојбата и натаму тоне, бидејќи Владата очигледно нема визија, концепт и капацитет да се зафати со вистинските реформи или нема храброст и одговорност да ја преземе обврската да ги направи тие реформи, туку напротив парцијално чекор по чекор форсира одредени промени и притоа сите тие чекаат да поминат реакциите после некоја нова реформа, нов проект на Фондот, на Министерството и сето тоа постепено оди на штета и на граѓаните и на докторите.

Затоа сметам дека со овој предлог исто така нема ништо да се подобри ни во Фондот за здравство ниту во болниците, туку едноставно само ќе се зголеми администрацијата, ќе се зголемат трошоците по основ на плаќање плати на овие директори и целокупниот персонал кој треба да го добијат за да можат квалитетно да ги извршуваат своите услуги.

Вакви реформи или ваков начин на водење на реформите не се прави, ако Владата или мнозинството имаат концепт редно е да го понудат комплетно за да можеме да дискутираме и да видиме што конкретно планираат да направат во здравството и кои ќе бидат ефектите. Реформа не се прави на штета на докторите и на пациентите, туку се прави во нивна корист да биде нешто подобро, поквалитетно, поефикасно, сите да почувствуваат одредена корист.

Затоа со предлагањето на двајца директори мислам дека се прави само обична шминка да се создаде слика дека нешто се прави, а фактички работите одат назад и проблемите се зголемуваат.

Прашањето дали треба да биде странец или не, мислам дека времето ќе покаже прво, дека Македонија самата има квалитетни кадри кои можат да се носат со предизвикот на овие функции, дека има доволно едуцирани и образовани кадри кои можат да повлечат во делот на реформите на здравството, на крајот на краиштата Владата или мнозинството нека погледаат во Бирото за вработување колку доктори на науки чекаат на работа, колку магистри, да не зборувам за високообразовани кадри, а некој своето образование го завршиле во странство.

Затоа почитувани колеги од владеачкото мнозинство, почитуван заменик министре, со вакви реформи можеме само да одиме назад, а не напред. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор Миле Пачемски, повелете.

**Миле Пачемски:** Благодарам претседателе.

Ја разбирам загриженоста кај колегите од парламентарното малцинство дека на чело на Фондот за здравство може да седи лице кое ќе биде странец. Меѓутоа, за поширокета јавност јас би потсетил дека раководниот орган во Фондот за здравство е составен од две лица кои имаат еднакви права и имаат врзан потпис меѓу себе.

Понатаму, во законот не пишува дека мора да биде странско лице. Во законот пишува за директор на Фондот да се избере лице кое може да биде или странец или домашно физичко лице. Нема да се цени дали е странец или домашно физичко лице, туку се оценува неговата програма. При избор на директор на Фондот постои процедура, секој кој сака да биде директор на тој Фонд за здравство мора да поднесе програма. Таа програма може да биде и квалитетна и неквалитетна. Врз основа на тоа се оценува дали некој ќе биде на чело на тој Фонд или не. Дали ќе биде странско лице или домашно. Никој не е против нашите стручни кадри кои се во Македонија, кои се школуваат надвор од Македонија и кои треба да се вратат во Македонија. Никој не е против нив, меѓутоа, она што мора да се цени за да се покрие таа загуба во Фондот, она што ќе се цени не е висината на човекот ниту бојата на косата, туку квалитетот на програмата која ќе биде понудена од било кој, кој сака да конкурира во таа врвна здравствена установа.

Понатаму, од секогаш кај мене немало дилема дека од првиот човек на било која институција, ако сакате и фамилија, ако сакате и куќа, од првиот човек, од неговата способност, од неговата памет, вредност, ентузијазам, амбициозност зависи дали таа фамилија или куќа, или ако сакате и држава ќе нарпедува или нема да напредува.

Би кажал еден конкретен пример. Долго време нашата Фудбалска репрезентација на Македонија имаше кризи и според оние ранг листи на ФИФА беше на 90, 91, 92 место и долго време бевме дефинирани со лош рејтинг на нашата фудбалска репрезентација. Меѓутоа, ФСМ донесе многу храбра одлука, а тоа е да стави лице на чело на ФСМ и го доведе господинот Срećко Катанец. Навистина за година ипол од 92 место од ранг листа на нашата ФСМ дојде до 51-то место на оваа ранг листа. Ова е добар пример дека навистина од првиот човек од неговата способност зависи дали една институција, дали се работи за фудбалска репрезентација или Фонд за здравство, ќе работи рентабилно и добро. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Реплики има од господата Влатко Серафимов, Марјанчо Николов, Ацо Киров и Андреј Жерновски.

Ќе одиме по редот како ги прочитав.

Повелете господине Влатко Серафимов, вашите три минути.

**Влатко Серафимов:** Почитуван колега, знам дека доаѓате од здравството, но повеќе од технички аспект би се осврнал на неколку работи во вашата дискусија.

Прво, кажувате дека секој ќе поднесе програма, па програмата ќе ја оцени. Кој ќе ја оцени? Програмата ќе ја оцени Владата. Ставете се во ситуација не избран еден директор да има уште еден. Дали не се јавува сомнеж меѓу тие луѓе, дали едниот има право да потпишува или да имаат врзани потписи и не знам што ќе се прави со два потписи. Тоа не е работа дека ќе се сопре криминалот, дека ќе нема  криминал или дека луѓето уште пред да ги ставиме на функции ќе ги етикетираме дека ќе се занимаваат со криминални дејанија.

Затоа сметам дека е подобро да има еден човек и една одговорност. Колку повеќе се одолжува одговорноста меѓу луѓето толку повеќе не можеме да го најдеме виновникот. За мене е подобро да имаме еден потписник и тој потписник да биде валиден и тој да ја сноси одговорноста и пред граѓаните на Република Македонија и пред Министерството.

Втората работа која сакам да ви ја спомнам е околу ФСМ. Факт е дека Фудбалската репрезентација на Македонија направи голем скок на ФИФА листата. Ве молам, и ве прашувам да ми одговорите зошто правите упад во ФСМ ...

**Љубиша Георгиевски:** Ова е најмалку  тема за реплика. Држете се за репликата. Да е поопшта дискусија не би реагирал, но ова е реплика, дајте времето му тече на господинот Серафимов, продолжете.

**Влатко Серафимов:** Мислам деака споредбата на Фондот за здравствено осигурување со Фудбалската федерација на Македонија не држи место, бидејќи во Фондот имало квалитетни луѓе, па тие по партиски клуч беа сменети. Не знам што друго треба да им направиме, да им донесеме уште еден човек да ги потпишува нивните сметки.

**Љубиша Георгиевски:** Господинот Миле Пачемски контра реплика, повелете вашата минута.

**Миле Пачемски:** По однос на вашето прво прашање кој ќе ја цени таа програма која ќе биде поднесена од кандидатот, таа програма се поднесува до Министерството за здравство, има специјална Комисија и врз основа на таа програма министерот за здравство дава предлог на Владата да биде некој назначен или евентуално разрешен од функцијата директор на Фондот за здравство. Тоа по однос на првото прашање.

По однос на второто прашање, да не ги мешам двете работи на Фондот за здравство и ФСМ, тоа беше еклатантен пример дека навистина зависи од првиот човек. Во претходната дускусија намерно не го спомнав Слободан Сантрач, и тој беше странец, но тој е пример дека навистина може со погрешен избор да се направи контра ефект.

Инаку, во однос на проверките на ФСМ или на ФК Осогово, работите се расчистуваат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Реплика има господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Би сакал да му реплицирам на колегата за две работи.

Прво, дека кажа битно е од првиот човек како ќе функционира одреден систем дали здравство, дали семејство, дали некоја друга институција. Тогаш зошто предлагаат да има двајца први човеци. Која е смислата на оваа работа, самиот себе се негира, ако има еден директор со врзани потписи едноставно одговорноста јасно е лоцирана во институциите каде има директори. Одговорен е директорот. Со вакви приказни ако дојде уште еден директор ќе го контролира првиот, па нема да прават проблеми, сами на своите кадри не им веруваат каде ги поставиле.

Околу стручноста, програмата, компетентноста се би било во ред, тоа владеачката партија го зборуваше во изминатите 4 години додека беше опозиција дека ќе дадат шанси на кадрите според нивната стручност и квалитет, а не според партиската припадност.

Сведоци сме во сите градови нека каже еден од колегите пратеници во кој град каде има болница или друга здравствена институција не е поставен партиски директор. Иако правеа приказни и ја замајуваа јавноста дека организираат обуки и академии на кои ќе се обучуваат идни менаџери во здравството. Нека кажат во која здравствена

установа не е партиски поставен директорот и на кои критериуми ги бирале. Кој од тие што завршил академија, а не е партиски член, бидејќи сите се партиски, е поставен за директор врз основа на нивната стручност и квалитет. Додека прават така вака ќе ни се случува во здравството и вака ќе ни одат работите, а овде може да си играме реформи и да кажуваме колку сме способни и успешни. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Миле Пачемски, вашите 60 секунди, повелете.

**Миле Пачемски:** Зошто велиме две личности на едно раководно место. Затоа што тие ќе имаат врзан потпис, тоа е едната работа и на тој начин ќе се намали барем за 50% можноста од злоупотреби на службената должност односно можноста од корупција.

Од друга страна две лица кои ќе имаат различна област на образование, едниот ќе биде од областа на економијата и менаџментот, а другиот од областа на здравствената дејност. Тие ќе бидат комплементарни.

Во поглед на назначувањето директори ширум Република Македонија во здравствените домови или центри, партиските заложби никогаш не биле исклучени, можеби сега се совпаѓаат.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика има господинот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам претседателе.

Еве, јас ќе бидам многу краток околу мојата реплика на колегата Пачемски, пред неколку дена му реплицирав, еве и сега се пружи прилика да му реплицирам по неговото излагање.

**Ацо Киров:** Еве, колега Пачемски кажавте, не само вие туку и други колеги од парламентарното мнозинство, неколку пати го употребувате Сречко Катанец како селектор кој е увезен во Македонија. Тоа веќе по трет пат го кажувате во овој Парламент и јас само ќе ве потсетам дека Сречко Катанец не е прв селектор. Наш прв селектор кој го увезовме, беше Слободан Сандрач, а не беше успешен. Од 80-то место, отидовме 90-то. Тоа значи дека ако увеземе некој не значи дека ќе биде успешен.

Само да ве потсетам дека повеќе треба да ве загрижува тоа дека Фондот за здравство веќе 5-6 месеци ги нема подмирено трошоците и услугите што се извршени од страна на лекарите и другиот персонал што е приватизиран односно кои ги зедоа амбулантите под концесија. Тоа треба повеќе да не загрижува затоа што цели 5 месеци лекарите работат на сопствен трошок, или пак пациентите си ги плаќаат услугите повеќе одколку што треба, зато што 5 месеци не е мал период. Пет месеци и лекарите и сестрите и хигиеничарите работат без пари.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Процедурално за збор се јавува господинот Александар Николовски.

**Александар Николовски:** Јас би сакал колегите пратеници да ги замолам да се држи на темата. Денес на дневен ред не ни е ниту ФФМ , ниту успесите или неуспесите на нашата фудбалска репрезентација, ниту Сречко Катанец. Гледам дека има многу љубители на фудбалот, па можеме после седницата да одиме заедно на кеј да изгледаме една утакмица и да поразговараме за фудбалот, а сега не треба беспотребно да им го трошиме времето на македонските граѓани за Катанец и Сантрач.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика за господинот Андреј Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Благодарам претседателе,

Мојата реплика е до пратеникот кој доаѓа од ВМРО-ДПМНЕ , од партија која на изборите последни, како и на сите избори претходно, промовираше, а тоа е нивни политички бренд и тоа е сосема легитимно, се разбира. Значи на изборите целата стратегија беше дека Македонија треба и може да се потпира на сопствените кадри, сопствените квалитети итн.

Од моментот кога, господине, дојдовме на власт, секоја недела ние слушаме разни решенија каде предлагате странци да бидат на водечки позиции. Прво имавме странец да биде јавен обвинител, па се бараше од редовите на тие кооии успешно се справуваат со мафијата, несфаќајќи дека праќаме директна порака до странците дека во суштина оваа земја е мафијашка. Потоа имавте предлог МРТВ да биде водена од странец. Сега имате предлог странец да го води Фондот. Дали сметате дека едното со другото оди, дали сметате дека е логично, држи една иста линија, од една страна да кажувате дека Македонија има свој потенцијал, а од друга страна се повеќе и повеќе барате решенија во лица кои не се државјани на Република Македонија.

Јас сметам и тука ќе завршам, лоша е пораката што ја праќаме. Имено свесно или несвесно се праќа порака, ако сакаме да излеземе од оваа ситуација, ние, едноставно мораме да бараме странци, или пак ако така сметате, а гледајќи во каква криза влегува Република Македонија, ги слушавте вчера коментарите, можеби е време да донесеме и странец за премиер. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Со ова го завршивме турнусот на пријавените за реплика на искажувањето на господин Пачемски.

Збор има Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Почитуван претседателе, почитуван претставник на Владата на Република Македонија, почитувани колеги.

Дозволете да го образложам својот сопствен став околу овој понуден амандман. Ќе го поддржам со чиста совест, бидејќи многу сериозно сум загрижена дека постои намера од страна на Владата на Груевски, на клучни раководни места да поставува странци кои ќе бидат негови лични решенија.

**Љубиша Георгиевски:** Се извинувам, последниот збор не го разбрав или не го слушнав добро, кога рековте, ќе бидат негови лични . . .

**Весна Бендевска:** Побарајте ги стенографските белешки.

Ве молам не ме прекинувајте.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжете. Се извинувам.

Ве молам, поголема тишина во салата.

**Весна Бендевсдка:** Тоа зависи од вас почитуван претседателе.

**Љубиша Георгиевски:** Мој хендикеп, да.

**Весна Бендевска:** Значи, ќе се обидам по кој знае кој пат да го актуелизирам прашањето, дали со секое кадровско решение на клучни раководни места во оваа земја, Груевски да поставува странци, дали за секој од нив ќе важи членот 12 од Законот за извршување на буџетот на Република Македонија за 2007 година.

Во интерес на информирање на македонската јавност, повторно ќе го цитирам членот 12 кој вели: "На избраните и именуваните функционери кои пред нивниот избор имале живеалиште или престојувалиште во странство, од денот на нивното именување им следува надоместок за трошоци за одржување на нивниот имот во странство. Владата на Република Македонија со своја сопствена одлука ќе ја определи висината на надоместокот на одржување на имот и на нивните кредити, доколку ги има".

Значи, ваков нелимитирачки услов, со своја сопствена одлука Владата да издвојува средства од државниот Буџет, значи дека Владата ќе одлучува сама, а ќе плаќаат македонските граѓани од својот сопствен џеб. Тоа мириса на сериозен обид за опад во Буџетот на Република Македонија.

Безидејноста на оваа Влада која во овие моменти се соочува со сопствената немоќ да работи на исполнување на своите предизборни ветувања, а тоа беа економски реформи, од една страна и комплетно отсуство на капацитет и политичката волја на оваа Влада да работи врз решавањето на политичката криза која самата ја продуцираше, значи дека ќе се обидува и понатаму да ја неутрализира ваквата сопствена немоќ преку дефокусирање на јавноста кон вакви тривијални решенија, ако што е ова, странци на многу сериозни раководни места во Република Македонија. И повторно ќе кажам, сето ова Владата го прави без законска основа, бидејќи не постои закон за засновање на работен однос со странски физички лица. Тој Закон е донесен во 1978 година, во време на бившата СФРЈ и има свое дополнување во 1989 година.

Дали може претставникот на Владата да објасни зошто оваа Влада не се обидува да понуди закон со кој ќе се регулира нач!инот и формата со кој странски физички лица ќе можат да се стекнат со статус и со можност да бидат на раководни функции.

Ќе ве молам почитуван претседателе да ми обезбедите претставник на Владата на Република Македонија, бидејќо говорам околу понуден амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути пауза.

**Весна Бендевска:** Ова е сериозно. Тоа сватете го како моја процедурална забелешка. Ова е рушење на дигнитетот на овој дом, а вие сте најповикан да го штитите.

**Љубиша Георгиевски:** Јас сосема сериозно ве разбрав. За три минути ќе дојде заменикот, мислам, претпоставувам. Ако не пет минути пауза ќе направиме за да ви се обезбеди претставник од Владата, што е ваше полно право. Ништо тука нема страшно.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места, за една минута ќе продолжиме со расправата по амандманот.

Повелете госпоѓа Бендевска, продолжете каде што застанавте. Се извинува за овој прекин.

**Весна Бендевска:** Точно така, на погрешен колосек, а се знае кој ја доведе Македонија на погрешен Колосек.

(реакции од пратениците на владеачката коалиција)

Го цитирам еврокомесарот Оли Рен.

Значи повторно ќе го упатам прашањето до претставникот на Владата на Република Македонија да ми даде одговор на две прашања.

Значи ли дека секое странско физичко лице кое ќе добие раководна функција во Република Македонија, ќе биде упатено да биде корисник, согласно член 12 од Законот за извршување на буџетот. Значи ли тоа дека Република Македонија ќе им го плаќа одржувањето на нивните имоти.

Второ, мисли ли оваа Влада да се зафати со сериозни и да ги продолжи сериозните реформи кои ги започна Владата предводена од СДСМ односно пред овој законодавен дом да понуди предлог за донесување на закон со кој ќе се регулира начинот на засновање работен однос на странски физички лица. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Шамбевски Оливер.

**Шамбевски Оливер:** Претседателе, јас нема толку долго да реплицирам. Сакам само да искажам вчудовиденост од госпоѓата Бендевска, но и генерално од СДСМ, што толку, дозволете ми малку потежок збор да употребам, ксенофобично реагираат дури и неможност странец да биде ангажиран на вакво место. Сметам дека е прилично невообичаено, за ваква партија, вакви реакции.

**Љубиша Георгиевски:** Една минута контра реплика за госпоѓата Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Вокабуларот во кој се употребуваат зоборовите ксенофобија, албанофобија итн, беа токму карактеристика на вашата политичка опција, господине Шамбевски.

Не сум ксенофобична, туку апсолутно верувам дека во Македоинја имаме кадровски потенцијал и интелектуален и способен, да ја извршува и да води раководни места на клучни институции, како што се МРТ, Фондот за здравство итн. Очигледно вие немате доверба во капацитетот на сопствениот народ.

**Љубиша Георгиевски :** Во интерес на доброто известување на оние кои не следат, а сите не знаат старогрчки добро, ксенофобија доаѓа од два старогрчки, антички збора. Тоа се, ксенос што значи странец и фобија што значи страв. Ксенофобија преведено на македонски значи страв од странец.

Повелете господине Витанов, вашите три минути за реплика.

**Зоран Витанов:** Претседателе, нема да бидат ни 30 секунди затоа што тоа всушност и не е реплика, туку јавно сакам да ја поздравам искреноста на госпоѓа Бендевска бидејќи јавно пред цела македонска јавност призна дека се знае кој ја донесе Република Македонија на погрешен колосек. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Една минута контра реплика за госпоѓата Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Јас, исто така јавно сакам да му заблагодарам на поддршката, на почитуваниот Витанов, бидејќи и двајцата знаеме кој е авторот токму на овие зборови. Тоа е еврокомесарот Оли Рен кој вчера буквално дојде да му удира шлаканици на премиерот Никола Груевски за продуцираната политичка криза што ја продуцираше неговата Влада во овие 165 дена власт. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Завршивме со репликите.

Има збор господинот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Почитуван претседателе, јас вчера говорев исто така по оваа точка од дневен ред и поставив едно прашање на кое никој не се потруди да даде одговор, а тоа е, кој е генијалецот што ја смисли, или големиот реформатор што ја смисли оваа болна реформа, како што ја нарекува Владата. Меѓутоа, мислам дека во вистинска смисла на зборот овој пат тоа нема да биде реформа, туку ќе биде само болна работа. Имено, дали Владата колективно размислувала, мозгала, дали е тоа некој поединец, или можеби самиот премиер лично, или овде присутниот замник министер за здравство.

Ако на ваков начин ги сваќате реформите, навистина насловите во весниците и натаму ќе бидат дека Република Македонија алармантно назадува, затоа што оваа реформа, иако се однесува на здравството, ја одразува целокупната политика, начин на владеење и начин на размислување на Владата на ВМРО-ДПМНЕ. Мислам дека навистина претеравте.

Ако сакате да правите реформи во здравството, појдете од тоа да ги зголемите, најпрвин, за 20 евра платите на здравствените работници кои се намалија откако дојде ВМРО-ДПМНЕ на власт, а птоа да ги зголемите уште повеќе. Тоа е реформа. Реформа за граѓаните, за народот, значи кога ќе има 50 или 100 евра поголема плата во својот џеб. Се друго вие можете да правите, да летате со цепелини, меѓутоа мислам дека летате во празно.

Понатаму, со идејата за странци, мислам дека не е добро да подметнувате зборови од типот на ксенофобија затоа што, не знам претседателот како ќе преведе на старогрчки збор, ако е ксенофобија она што го говореше пратеничката Бендевска, тогаш што ќе значи вашиот однос спрема македонските граѓани кои можат да бидат раководители на вакви институции. Дали е тоа некоја фобија спрема сопствените граѓани, од ваша страна.Затоа немојте да летате со вакви зборови.

Понатаму, бидејќи идејата за странци или стратегијата на Владата односно на премиерот кој уште не седнат во неговата фотеља се залагаше за вакви реформи како што вие ги нарекувате, видовме до каде не доведе. Очигледно на Македонија не и тргна со тоа што во неколку институции, или не се направија потребните реформи, или самата смена и доаѓањето на странци не значи само по себе реформа, настрана тоа што отвара многу уставни и правни проблеми. Еден од тие правни проблеми е и плаќањето на долговите и трошоците, на пример тоа се за приватните имоти, за приватните долгови, кредити. Пример за тоа се Ташковиќ и Самак. Веројатно знаете дека пратениците на СДСМ ќе поднесат иницијатива до Уставниот суд , за таквата одлука на Владата. Меѓутоа, настрана од тоа, дали ако не ви се доволни овие неколку месеци искуство, затоа што не верувам дека ќе експериментирате цел мандат, дека не може да направите реформа само што ќе допнесете странци, или, можеби треба да одите до таму да го смените и премиерот и да пробаме еднаш со премиер странец, да видиме од смиот врв каде што моќта на одлучувањето затоа што овие не можат ништо да работат без знаење, така функционира хиерархијата во ВМРО-ДПМНЕ и во Владата, да сите други се плашат од премиерот. Ставете премиер странец, да видиме можеби ќе ни тргне работата и да видиме кава реформа ќе биде тоа. Но, не верувам, со оглед на моќта и овластувањата што ги има премиерската фотеља, не верувам Груевски да се откаже, да си наприви харикири и да се откаже од таквите привилегии, моќ и власт. Тој само тоа сака да го претставува како маркетинг во власта, да покаже дека е реформатор, што во суштина не е, бидејќи тоа не дава резултати, затоа што Република Македонија доцни со реформите.

Ако со вакивте реформи и со странците мислите дека странците кога ќе не оценуваат ќе ни дадат подобра оценка, мислам дека се лажете. Само си купувате време залажувајќи го народот на Република Македонија. Мислам дека самото по себе ова не само што не е реформа, туку отворам и многу други прашања и дилеми, контраверзи. Прво, ако едно лице е неспособно да биде

директор и да ја менаџира таа здравствена установа односно Фонд, дали треба таквиот неспособен да се задржи и понатаму да биде директор и да се доведе некој втор, не мора да е странец бидејќи тоа е алтернатива и да му помага. Значи вие ќе го држите неспособниот, нема да го смените туку некој втор ќе му помага, што навистина е бесмислица, не ја решавате работата. Или втора варијанта, ако едно лице што веќе сте го назначиле за таа функција, самите вие, самата Влада што го назначила нема доверба, тогаш овој вториот ќе го контролира и сега меѓу себе ќе се контролираат. Понатаму, кој ќе донесува одлука, затоа што според законот произлегува дека тие имаат со врзаните потписи исти ингеренции. Правнички гледајте ги работите, кој ќе ја донесува одлуката и ако се случи некоја проневера, кој ќе одговара понатаму. Солидарно ќе одат во затвор, ќе ја делат казната, што ќе прават?

Понатаму, во случај на спор вели законот, при одлучувањето во секојдневното работење ќе одлучува или ќе пресекува, ќе арбитрирал на некој начин Управниот одбор на Фондот. Ако е така, хипотетички мислите дека тие двајца ќе бидат во хармонија или во љубов? Што ако не можат за ниедна работа да се согалсат, дали тоа значи дека Фондот постојано ќе одлучува во нивно има и ќе ги презема нивните ингеренции. Тоа значи дека нема потреба да постои директор, нека си одлучува Фондот, нека си ја земе таа работа и колективно нека одлучуваат, бидејќи и ова е колективно, само Фондот е поширок колективно тело, а овие се двајца и сето тоа ќе личи на поранешното Претседателство на СФРЈ. Значи, колективен орган ќе одлучува и ќе се заматува, ќе се затајува, ќе се избегнува одговорноста, а при тоа вие сето тоа го прикажувате како реформа дека први сте се сетиле, а повторно не кажувате кој е генијалецот кој го смисли тоа.

На крајот, онаа споредба некој ја кажа за фудбалот. Мислам дека за цела Република Македонија ќе беше многу подобро ако разговаравме за фудбалот, а не за вакви крупни работи за кои правите грешки. Што се однесува до фудбалот, за жал, велам за жал, за разлика од политиката фудбалот е најважната споредна работа на светот и мислам дека компарацијата што ја дадовте апсолутно не држи. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплики се јавија госпоѓа Марија Андоновска и Васко Шутаров.

По тој ред, госпоѓа Марија Андоновска има реплика три минути, повелете.

**Марија Андоновска:** Благодарам претседателе.

Мене не ми е јасно како може некој што не покажа нешто, што ни од далеку не наликува на реформа, сега да не учи што се тоа реформи. Која е тука сега вашата болка почитуван колега, кога некој навистина сака да преземе реформи кои се во интерес на подобрување и стабилизирање на услугите и работата на Фондот за здравство. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господин Борис Кондарко има контра реплика, повелете.

**Борис Кондарко:** Видете почитувана колешке, секогаш во недостаток на аргументи и во обид да се избегне одговорноста можете да се враќате на минатото. Меѓутоа на вас ниту на државата тоа не и користи. Значи, не назадува Република Македонија во моментот заради СДСМ и заради опозицијата, назадува заради власта, Владата, премиерот, министрите, заради тоа што вие како парламентарно мнозинство подржувате такви реформи. Инаку, не знам дали овие реплики ви се од некоја прес конференција, застарена, опозициона на ВМРО-ДПМНЕ или ви се штанцани тука па ги читате.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика има господин Васко Шутаров, повелете.

**Васко Шутаров:** Пред мене го има Извештајот за напредокот на Република Македонија од Европската комисија и сега дефинитивно некои нешта ни се појасни. Слушајќи ги колегите од СДСМ со нивниот пежоративен однос спрема странците, и тоа априори, многу појасно ми е зошто во поглавјето 19 од делот Вработување и социјална политика Европската комисија напишала дека не можат да се посочат посебни активности во областа на борба против дискриминацијата.

Во поглавјето 4.23 во однос на прашањата на недискриминација не постои конкретна кривична одредба за забрана на дела на ксенофобија, запишала Европската комисија.

И уште нешто, “не е забележан значителен развој во однос на правата на граѓаните на Европската унија”.

За жал, можам да констатирам дека почитуваните колеги од СДСМ навистина немаат воопшто направено никаков напредок во поглед на овие свои ставови. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика, Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Почитуван колега, и вие не можете да го сфатите она што го кажав на претходната колешка. Овие забелешки не се однесуваат на СДСМ, на пратеници од СДСМ, Владата ја има одговорноста, вие сте власт, за состојбите. Разбудете се, 5 јули се случи, вие сте на власт, се сменија работите. Не може за нешто што ви одговара да глумите дека сте опозиција, се некој друг да ви биде виновен. Инаку, дека немаме пежоративен однос, посебно не ова што го говоревме за странците докажува дека немаме. Ако беше така, немаше да предложиме премиерот да биде пробно странец, така што не ви држи тој аргумент.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Завршивме и со овој турнус на реплики и контра реплики, во кој слушнавме богати и креативни предлози.

Продолжуваме со Валентина Божиновска. Повелете, имате збор.

**Валентина Божиновска:** Благодарам претседателе.

Морам да признам дека имам сосема позитивно мислење во однос на двостепената контрола на директори од едноставна причина што во тоа има и сериозно образложение. На пример, ако едниот е директор со здравствена проблематика, значи дипломиран доктор, специјалист итн, другиот може да биде добар економист, добар менаџер итн, а на Фондот, едниот кој е економист, значи добар менаџер, а другиот кој ќе го познава здравственото милје, значи кои се недостатоците на клиниките и со тоа ќе му помага, ќе алармира на еден од директорите. Под претпоставка ако е тоа дел од политиката за борба против корупцијата, исто така сум согласен на ниво на клиники дека едниот ќе може да го контролира другиот, но се разбира тоа да биде на ниво на кое нема да бидат оштетени граѓаните, односно здравствената популација која ги бара здравствените мерки од здравството. Но она што во мигот ми недостига во предлогот е она што пред малку и колегата од ВМРО-ДПМНЕ го говореше, а тоа е следното.

Не се работи за тоа каква програма ќе упати човекот односно кандидатот за втор директор на Фондот, туку се работи за критериум. Го заборавме зборот критериум. Значи да бидете и обичен член на Здравствената комисија, да бидете обичен член на Комисија за култура, ве молам, во Европа, во светот за се има критериум. На пример, дали сте објавиле толку трудови во познат светски медиум, дали сте направиле своја клиника, дали во таа клиника имате такви резултати итн. Значи ми недостига тој момент. Еве, под претпоставка дека јас одлично знам да го направам својот план и програма како би функционирал Фондот, меѓутоа сум слаба во менаџерскиот дел. Значи не е добра, потребен е критериум. Секогаш недостигаат критериуми и во реформите начелно ни недостигаат критериуми. Во овој дел, за овој двостепен тип на контрола недостигаат критериуми. Значи разговараме во миг, во кој здрвството е во сериозен колапс. Можеби денешната седница ќе беше сосема поинаку доколку ние разговаравме за еден закон во кој концесионерите од странство кои ја имаат проблематиката на дијализата би дошле тука и би направиле приватна дијализа. Господа, пред неколку дена на малите екрани видовме дека луѓето кои се на дијализа ни умираат, имаме по 35 години апарати кои се застарени. Во овој миг ако сакате да појдете на обична инфузија, вие морате најнапред да си понесете шприц, мултибионта и аналгин, не дај боже да имате една обична мигрена. Значи, ние имаме фундаментален проблем, ние се занимаваме со тоа дали ќе биде странец или не. Не, не е важно, да го одбереме најдобриот меѓу најдобрите. Ако во овој миг во Америка постои некој Македонец кој е Трпков и на кој во овој миг Америка му дава 3 милиони долари да го изнајде лекот за шекер, а тој е Македонец кој дипломирал пред 10-тина години со десетки, ама тој Трпков е во странство, дајте да го донесеме и тој е најдобар. Или ако доктор Дејан Докиќ со 300 илјади марки во тогашно време направи генијален систем на Пулмологија и имате клиника не затоа што тој имаше многу пари, затоа што имаше добар ум, успеа од Јапонската фондација да донесе три апарати, свој ренген, своја бронхоскопија итн, навистина, кога влегувам на Клиниката за пулмологија имам европско чувство. Значи човекот е генијален менаџер, значи го имаме човекот, дајте да разговараме кој во последниве 15 години напрви најдобра клиника во Македонија без пари, без да побара пари, се грижеше сам човекот.

Мојот апел е дека сум за овој двостепен тип на контрола, добро е да има таков тип на директори, но ве молам, да се базираме малку на сериозни критериуми. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господин Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам претседателе.

Јас кратко сакам да се изјаснам за овој амандман. Се надевам дека моите колеги од СДСМ, кои го имаат потпишано овој амандман за Законот, нема да ми се налутат ако соопштам дека амандманот нема да го подржам од следниве причини.

Гледајќи што се случува во здравството, гледајќи како секојдневно здравствените трошоци за пациентите одат нагоре, а уловите за лекување одат надолу, гледајќи како се трупаат проблемите во здравството и во Фондот, гледајќи како се намалуваат платите на здравствените работници и како состојбата во здравството се повеќе и повеќе тоне во овие 6 месеци, гледајќи кој ја раководи Владата и Министерството за здравство и гледајќи кој го води Фондот за здравство, јас се согласувам на здравството во Македонија дека му нема друг спас освен да дојде да го води странец. Сегашното раководство во јавното здравство не гледам дека може да ја среди состојбата и да биде добар економ. Вие претседателе сигурно ќе успеете и ова да го преведете на пратениците од старогрчки што значи и не може да биде никој добар...

**Љубиша Георгиевски:** Оставете ја таа иронија. Јас само помагав бидејќи зборот ксенофобија навистина е редок. Економија сите знаеме што е.

**Никола Поповски:** Добро, јас ќе го преведам тогаш, добар домаќин. И имајќи предвид дека не гледам можност тековните власти да го решат проблемот со здравството, јас ќе подржам предлог да се донесе странец. Само тој во оваа политичка гарнитура може да им помогне. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници во салата,

Мојата дискусија по амандманот ќе ја почнам со цитирање на член 9 од Уставот на Република Македонија, во кој се вели дека "Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалната положба, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓанте пред Уставот и законите се еднакви". Еднаквоста на граѓаните и овој амандман и довербата на Владата во граѓаните на Република Македонија се контрадикторни.

Рековте дека ние сме биле ксенофобични. Дали владеачката гарнитура има фобија кон сопствениот народ. Сите досегашни интенции и настојувања за голема доверба во странците со голема доверба на Македонците кои се надвор од Македонија, ме водат кон ваков заклучок. Македонскиот народ кој ја даде довербата на оваа Влада, македонскиот народ кој ја даде довербата на премиерот Никола Груевски и на вас пратениците не заслужува таков однос. Дали странците кои ги доведовме кај нас дадоа резултат? Демек, кратко било времето од 6-7 месеци, биле потребни 3-4 години да стигнат првите резултати. Дали странецот кој го планирате во Фондот за здравство ќе направи резултати за 5-6 месеци или нему ќе му требаат 3-4 години. Дури, и Веле Самак, постдипломец од прочуениот Вортон не успеа да се снајде во оваа Македонија за 6-7 месеци, дури и тој изјави дека можеби ќе има интерес за инвестиции од "Тојота", меѓутоа, ќе бидат потребни 3-4 години. Тоа кажете го отворено на нашиот народ, кажете дека не можете ништо да направите за да ја подобрите материјалната положба на гладниот народ, на нашите луѓе за 4 години. Зошто? Затоа што не ве бива. Во недостаток на квалитетни партиски кадри, во недостаток на луѓе од вашата партија кои знаат како да управуваат со Фондот за здравство, видовме дека сегашниот директор е потполн дебакл, наместо да се обратите до квалитетни кадри кои не се од вашата партија и не се од владеачката коалиција, наместо да побарате помош од останатите, вие предвидувате странец. Да ве потсетам, имаше еден странец кој се сликаше во "Бучим" - Радовиш пред 5-6 години, кога доведовте холивудски глумец да го стабилизира и оправи "Бучим" - Радовиш, кој не знаејќи што да види на собраниот народ пред телевизиските камери, знаеше да каже само дека ќе го донесе Мек Доналдс во Радовиш. Дали таков странец што ќе донесе Мек Доналдс во Фондовите за здравство во Македонија повторно планирате холивудски глумец со кој ќе го утешите нашиот народ дека ќе го оправите хаосот и кашата во здравството за која самите вие сте виновни.

Рековте дека се потребни реформи во здравството. Да, потребни се реформи, меѓутоа, потребни се добри исправни реформи, не реформи заради реформи, реформи кои како што истакна вчера еден странец, не било кој странец туку еврокомесарот Оли Рен дека Македонија алармантно заостанува во реформите, дека мора да се почитува Бадинтеровиот принцип, дека партиите мора да се вратат во институциите и дека политичката клима во земјата не води кон прогрес. Тоа го истакна еминентниот странец, еврокомесарот Оли Рен.

Да ви кажам што истакна уште еден странец, близок пријател на сегашниот премиер Никола Груевски. Тој странец се вика Сем Вакнин, добро знаете кој е тој. Ќе го цитирам и него, за реформите во Македонија што мисли тој, за реформите во здравството и воопшто. "Студиите покажуваат дека меѓународните компании помалку се грижат за даноците, а повеќе за функционирањето на институциите, што на Македонија секако и недостига. Воведувањето на ниски даноци уште повеќе сигнализира очај" и ги повикува странските инвеститори да не брзаат со вложување во Македонија.

Што повеќе да ни кажат странците? Зарем ова не е доволно Владата да се зафати со сериозна работа. Дефокусирањето на работата на Владата кон Парламентот, демек Парламентот бил виновен и долгите дискусии на пратениците од опозицијата биле виновни што во Македонија не ни оди работата. Не, господин заменик министер за здравство. Вината е во вас самите. Вината за кашата во здравството, во Фондот за здравство и општо во Република Македонија е во вас самите. Повторно приказната за програма. Вториот директор во Фондот за здравство ќе направел исправна програма и по таа програма како со волшебно стапче ќе престанеле проблемите. Имавме програма во 1998 година домаќински и одговорно, па видовме каде стигнавме. Можеби и 1996 година. Имавме програма и сега во 100 чекори, гледаме каде одиме. 100 чекори напред, или 100 чекори назад? Јас мислам дека оваа Влада ќе ја одведе Македонија 100 чекори назад.

Во врска со амандманот во кој домашно, или странско физичко лице предлагаме да се брише. Би кажала дека, точно е дека од првиот човек зависи фамилијата, куќата и државата. За жал, ниту првиот човек во државата, ниту првиот човек во здравство, ниту првиот човек, претседател на Владата , ниту првиот човек во Фондот за здравство не покажаа дека знаат како се води фамилија, како се води куќа, како се води држава. Барате програма како образложение, или како оправдание зошто тој кадар дошол на тоа место. Па вие ги сменивте сите способни кадри, сите обучувани кадри и од Фондот за пензиско осигурување директорите и од Царината и од сите државни институции, ги сменивте од полицијата, ги сменивте со ваши кадри кои имаат програма. Не, колеги пратеници, на овој начин Македонија полека но сигурно оди чекор по чекор назад. 100-те чекори назад многу брзо ќе дојдат. Повторно приказни за млади и стручни кадри. На Македонија и требаат квалитетни кадри. Дали значи дека претседателот на Собранието со тоа

што не е млад е неквалитетен? Од вашите дискусии за млади стручни кадри се наметнува таков заклучок. Не, колеги пратеници, на Македонија и требаат квалитетни кадри, дали се млади, или стари, дали се мажи, или се жени воопшто не е важно. Важно е Македонија да оди напред, важно е кадрите да бидат најквалитетните, дали се од ВМРО-ДПМНЕ, или се од ДПА, или се од СДСМ, или се партиски неопределени, воопшто не е важно. Гладниот народ наш чека напредок, чека работа, чека плати. Не чека странци да ги сликаме во каубојски капи и во униформи.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално госпоѓа Светлана Јакимовска, повелете.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам претседателе.

Јас би сакала сепак, дигресиите на нашите колеги пратеници да ги воочувате и да ги опоменувате. Тоа е едно. Друго, точно е дека пратениците имаат право да бидат предлагачи и на законски текстови и на амандмани. Меѓутоа, точно е дека сега групата на пратеници предлагачи на овој амандман кој што “сериозно” се расправа веќе час и половина, ниеден не е присутен од предлагачите на овој амандман: Цветанка Иванова, Мери Младеновска, Јани Макрадули, Оливер Спасовски, Кире Гештаковски и Борис Кондарко. Јас би сакала да си ја сфатат сериозно работата предлагачите и да бидат присутни, поготово кога се расправа за амандман за кој тие се предлагачи.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално Влатко Серафимов.

**Влатко Серафимов:** Нормално е дека колегите предлагачи на амандманот не се присутни тука, бидејќи во исто време се одржуваат и преговори. Тие се дел од нашиот тим, имаме политички дијалог. Сега не знам што е причината, дали да не присуствуваат на политичкиот дијалог, или да дојдат тука.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, двете страни, процедурата оставете ми ја мене, јас проценувам како и што. Амандманот е од таква природа да поднесува извесни обопштувања. Така што и мене не ми е лесно. Ова како го модерирам, така го модерирам. Секој ќе добие шанса, имаме време.

За реплика се јави госпоѓа Владанка Авировиќ.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам претседателе.

Би сакала да ја запрашам мојата ценета колешка, дали има само малку критика во себе и да и поставам едно прашање. Дали почитувана колешке сте ги прочитале последните ревизорски извештаи на Фондот за здравство и Министерството за здравство во кои се констатирани енормни дубиози, како во поглед на незаконското работење, така и во поглед на несовесното работење на врвните довчерашни раководители како на Министерството, така и на Фондот, на врвните незаконски работења и префрлање на долговите. И вие сега тука нас не убедувате дека оваа Влада за 6 месеци не успеа сето тоа да го реши и постапувате сосема популистички. Значи, дозволете во она што е веќе констатирано и во извештајот на Европската комисија како недоследности и недостатоци да заземеме некој став и ние како мнозинство и да настојуваме сепак таа состојба критична што е во здравството малку, малку да ја подобриме.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика госпоѓа Верица Филипова.

**Верица Филипова:** Вчера беше истакнато во експозето на заменик министерот, или во некои од неговите дискусии, не можам да се сетам точно, дека долги години нашето здравство се повеќе и повеќе тоне, дека 16 години нашето здравство се наоѓа во поголема и поголема криза. Јас се сеќавам и на едни други ревизорски извештаи од времето на Војо Михајловски, дали ги знаете колешке Авировиќ тие извештаи и до каде стигна вашиот директор на Фондот за здравство Војо Михајловски? Факт е дека моментално имаме хаотична ситуација во Фондот за здравство и во целото здравство под раководство на сегашниот директор.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јави госпоѓа Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Јас се јавив за збор, не за реплика.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете, бидејќи по втор пат се јавувате.

**Весна Бендевска:** Го користам своето право додека сеуште опстојува демократијата во овој Дом ќе говорам онолку пати колку што ќе имам тема.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете, говорете онолку пати колку што ќе повелите.

**Весна Бендевска:** Онолку пати колку што ми дозволува постојниот Деловник на Република Македонија согласно Уставот.

Почитувани колеги, почитуван претставник на Владата на Република Македонија, господине претседател на Собранието. Праксата претставниците на Владата кои учествуваат во работата на Собранието, а со цел внимателно да ги слушаат говорите на пратениците, значи праксата претставниците на Владата кои доаѓаат овде во Собранието учествуваат во нивната работа имаат со цел да го обрезлагаат предлогот на законот што е на дневен ред денес, како во овој случај Законот за измени и дополнување на Законот за здравствено осигурување, должни се да дадат објаснување на причините зошто не се прифаќа поднесениот амандман. Вие господин заменик министер за здравство ги премолчивте одговорите на прашањата што ви ги поставив во мојата претходна дискусија. Да ве потсетам, во име на граѓаните на Република Македонија чии интереси ги застапувам согласно Устав, инсистирам да одговорите на клучното прашање што уште еднаш ќе ви го поставам. Зошто Владата на Република Македонија чиј дел сте и вие предводена од господинот Груевски не ја

почитува европската агенда според која до крајот на 2006 година мораше облигаторно да го донесе Законот за вработување на странци. Минатиот состав на македонското Собрание веќе ја помина првата фаза од донесувањето на овој Закон. Новата Влада предводена од капитенот Груевски мораше до крајот на декември да го понуди на донесување и изгласување Законот за вработување на странци.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално. Пауза 10 минути.

Ги повикувам координаторите на пратеничките групи во сала Охрид.

Ги повикувам координаторите на пратеничките групи, односно нивните заменици, односно претставник на пратеничка група на итна консултација од 10 минути во сала Охрид.

(Пауза од 13,25 часот)

(По паузата)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата, паузата од 10 минути приврштува, да ги заземат своите места.

Продолжуваме со седницата.

Госпоѓа Весна Бендевска, зборот беше ваш, повелете, продолжете.

**Весна Бендевска:** Ви благодарам.

Сакам да започнам од објаснувањето.

Минатиот состав на Македонското собрание ја помина првата фаза на Законот за вработување на странци. Токму тој закон беше закон одбележан во европската Агенда на закони што ова Собрание мора да ги донесе до крајот на 2006 година. На Владата на господинот Груевски му беше оставено во континуитет да го продолжи процесот за донесување на овој закон. Но, од нам не разбирливи причини, господинот Груевски, односно Владата на Република Македонија пред нас не го достави тој закон на изгласување.

Од друга страна, сведоци сме дека по бројни законски решенија што се веќе во Собраниска процедура, се обидува Владата да го протурка решението, странци да заземат високи раководни функции во многу државни институции во нашата земја.

Значи, ова Собрание мораше до крајот на 2006 година да го донесе Законот за вработување на странци, што ќе предвидеше начини и услови под кои тие ќе се вработуваа. Бидејќи не го стори тоа, на ново го отвори прашањето што тоа се обидува Владата на Република Македонија? Во еден законски вакум се обидува, во овој случај, странец да раководи со Фондот за здравство во Република Македонија. Тоа значи дека е многу јасно, дека овој обид на Владата нема своја законска подлога. А, кога не постои законска подлога работата на Владата на Република Македонија е неуставна и незаконска.

Повторно ќе се обратам до почитуваниот заменик министер за здравство, да даде јасен и дециден одговор зошто пред Собранието на Република Македонија се нуди изгласување на закон без законска подлога? Која е намерата на оваа Влада и што не очекува?

Уште еднаш ќе го искористам своето право, бидејќи не добив одговор, дали тоа ќе значи, кога странец ќе стане раководител на Фондот за здравство, Владата на Република Македонија ќе донесе одлука да издвојува средства од Буџетот на Република Македонија за одржување на неговиот имот во странство? Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господин Ѓорчев Владимир се пријавил за реплика.

Повелете, вашите три минути.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам.

Еден од поспомнуваните зборови од страна на СДС во изминатите дискусии беа: здравството, здравството, здравството и странец, странец, странец.

Ова утро прочитав некои работи што се поврзани со македонското здравство. Тука се бароните на здравството на СДС.

Господо од СДСМ би ве замолил да го најдете и пронајдете вашиот странец, веќе шест месеци Владо Димов кој е надвор од земјава и да го најдете да одговори на поголем број на прашања, за да евентуално некој не помисли дека се работи за лице во бегство, па да мора да го бараме на други начини. Нека одговори Владо Димов дали и колку стотици илјади евра има во банка во Виена? Дали и колку стотици илјади евра вреди неговиот возен парк? Прашајте го Владо Димов на кој начин има возен парк подобар од Дејвид Бекам и на кој начин има стекнато повеќе стотици илјади евра кои, имаме индиции дека се во банка во Виена.

Понатаму, прашајте ги бароните на здравството на СДСМ на кој начин бифеата во Клинички центар се издадени за четири евра месечно? Прашајте ги бароните од СДСМ на кој начин е двојно повеќе зголемен долгот на Фондот за здравство, па требаше со месеци да се утврдува дали тој инзесува 120 милиони, 130 милиони или 150 милиони евра?

Вие го спомнавте Војо Михајловски, кој, наводно, оствил некој долг во Фондот за здравство и констатиравте дека тој долг изнесува 50 милиони евра. Долгот на Пановски не може да се утврди дали изнесува 120, 150 или 130 милиони евра?

Понатаму, прашајте ги овие барони на СДСМ - здравството на кој начин се набавувани лековите во Македонија, на кој начин е издаден паркингот на Клинички центар кој за тие осум години ќе направи промет 3,5 милиони евра, а за возврат ќе треба да ги одржува тревниците во близина на паркингот и евентуално, да се мете асфалтот?

На крајот, уште еднаш, во оваа можност ве замолувам односно барам од вас, пронајдете го Владо Димов каде е, на кој дел од земјината топка, да одговори што направил за здравстово, дали има неколку стотици илјади евра во банка во Австирја и на кој начин има возен парк од повеќе 100-тици илјади евра?

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика има госпоѓа Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Закон, закон, закон, почитуван пратенику Ѓорчев. Јас говорам за закон. Сакате да донесете закон противзаконски и против уставен.

Ќе се најде ли некоја сила да ве разбуди од вашиот опозиционен сон?

Јас нема да повикувам или да проверувам. Вие сте власт во Република Македонија, господине Ѓорчев. Вашите обиди да се фокусирате, вината на практицирањето на власта, нема да ви успее. И, ако СДСМ протежираше барони, ДПНЕ во овој момент, со вакви законски решенија, претпоставувам дека протежира шеици. Тешко на Република Македонија.

Ако во 165 дена оваа власт успеа да не врати 165 илјади километри подалеку од Европа, замислете што не чека наредниот период. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи господинот Ѓорчев се откажа од дискусијата останува пратеникот Филипова Верица.

Повелете, имате збор.

**Верица Филипова:** (Пратеникот Верица Филипова молчи)

**Љубиша Георгиевски:** Повелете, повелете имате збор.

**Верица Филипова:** Дали можам мојата денешна дискусија да ја поминам во молчење, како што предложила опозицијата, тогашна, при донесувањето на Буџетот 2003 година, да наместо да дискутираат 10 минути, 10 минути да молчат? Тоа ли ни следува нам, ако. . .

**Љубиша Георгиевски:** Јас ве разбирам, ама се плашам дека тоа прашање деловнички не е уредено. Да не направиме грешка.

Ако сте за збор, добро.

(Пратеникот Верица Филипова молчи)

**Верица Филипова:** Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам пртресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Барам службите да достават точен број на присутни пратеници, затоа што имаме комисии, имаме преговори.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници)

Давам 15 минути пауза да се соберат пратениците.

(Реакција од пратениците дека оваа пауза се совпаѓа со паузата за ручек).

Добро, предлагам да се спои таа пауза, ако се согласувате.

(Пратеникот Слободан Најдовски бара збор процедурално)

Повелете.

**Слободан Најдовски:** Претседателе,

Со оглед на тоа што координаторот е на разговори што се обавуваат во Собранието, јас би замолил да се обидеме сега да собереме кворум да гласаме, затоа што после тоа навистина имаме партиски обврски. Во недела ни е Собранието на Партијата. Овде веќе се воведе таква практика и би ве замолил попладне да не работиме, доколку вие одлучите, бидејќи имаме партиски обврски од ЛДП. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ве разбирам и го прифаќам вашиот предлог.

Давам пет минути пауза.

Убаво е да го изгласаме ова па да одиме на ручек.

Ги молам пратениците да останат овде.

(По паузата)

Почитувани пратеници, ве молам да влезете во салата и да ги заземете своите места.

Ги повикувам службите да достават точен број присутни во слата.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата).

Во салата има 67 пратеници.

Според тоа, ве повикувам да гласаме.

Ве молам, тишина за време на гласањето.

68 пратеници гласале, за гласале 10, воздржано 3, против 55.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 3, алинеја 1 поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска, Андреј Жерновски и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Владимир Лазаревиќ:** Владата го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифатил амандманот и тој станува составен дел од Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 3, алинеја 2 поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска, Андреј Жерновски и Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Владимир Лазаревиќ:** Владата го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифатила и овој амандманот.

Според тоа, тој станува составен дел од Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 6, поднесен од пратеникот Азис Положани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Владимир Лазаревиќ:** Благодарам претседателе,

Владата го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифатил амандманот на Азис Положани. Со тоа амандманот станува составен дел од Законот.

Продолжуваме со претрес по Тексот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

66 пратеници гласале, 56 гласале за, воздржани нема, против 10.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 14-та седница на Собранието на Република Македонија.

Продолжуваме со работа во понеделник во 11,00 часот.

Дополнително ќе бидете известени за евентуални промени, не верувам да има, за дневниот ред.

(Седницата заврши со работа во 14,05 часот)